# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXI



Скопје, Септември 2008 година

## С О Д Р Ж И Н А

2. страна
***Европската комисија предлага нова директива за анти-дискирминација***

3. страна
***Европски иницијативи за обезбедување достоинствен живот***

4 и 5. страна
***Клучни елементи на систем за поддржано донесување одлуки***

6 и 7. страна
***Резолуција - Чекор напред***

8, 9 и 10. страна
***ЕАСПД - Документ за позиција за стратегии за сервисни служби***

11. страна
***Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје***

12 и 13. страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

14 и 15. страна
***Спортско - рекреативни активности за корисниците на дневните центри***

16. страна
Наша страница
***ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје доби донација од шведскиот клуб “LIONS - Gathenheim”***

***“ПОРАКА”***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Септември 2008 год. Број 3, год. XXI**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@mt.net.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА***

## *Иницијативи на европско ниво*

# Европската комисија предлага нова европска директива за анти-дискриминација

На 2-ри јуни 2008 година Европската комисија издаде нов предлог за Директива за имплементирање на начелото за еднаков третман помеѓу лицата без разлика на религија или верување, попреченост, возраст и сексуална ориентација.

Овој предлог опфаќа други области наместо вработување и вокациона обука, бидејќи тие веќе се заштитени со постара Директива (2000/78). Целта на оваа Директива е борба против дискриминацијата врз основа на попреченост, како и религија и верување, возраст и сексуална ориентација, во следните области: социјална заштита, вклучувајќи социјална сигурност и здравствена грижа, социјални бенефиции, образование, пристап и обезбедување на добра и сервисни служби кои се достапни за јавноста, вклучувајќи домување.

Директивата забранува дискриминација и во јавниот и во приватниот сектор, но во однос на пристапот и обезбедување на добра и сервисни служби, во моментот, ќе се однесува само на приватни лица бидејќи тие вршат комерцијални активности или професионални. Нема да се примени за приватни поединци кои делуваат согласно нивниот личен капацитет.

Директивата вели дека дискриминацијата може да се случува според најразлични одредби. Директивата ги заштитува граѓаните со попреченост од директна дискриминација, ако лицето се третира помалку поволно отколку друго лице поради попреченост и од индиректна дискриминација, ако одредба која е очигледно неутрална ќе ги доведе во неповолна ситуација лицата со попреченост во споредба со други лица. Исто така ги заштитува од вознемирување и малтретирање, од инструкција да се дискриминира лице поради попреченост, како и од ускратување на разумно прилагодување (ако организација одбие да обезбеди разумно прилагодување, иако тоа не претставува несразмерно оптоварување).

Директивата, исто така, вели дека мерките за овозможување на лицата со попреченост да имаат ефективен пристап во горе-спомenатите области треба предвреме да се обезбедат. Во дополнение, кога е потребно разумно прилагодување (разумни измени на добра или сервисни служби), тоа треба да се обезбеди.

Овие мерки не треба да наметнуваат несразмерен товар врз организацијата која превреме ги обезбедува мерките или обезбедува разумно прилагодување. Директивата вели дека овој поим на несразмерност може да се оцени земајќи ја предвид големината и ресурсите на организацијата, нејзината природа, проценетите трошоци, животниот циклус на добрата и сервисните служби и можните бенефити од зголемен пристап за лицата со попреченост. Директивата воедно дозволува мерки на позитивни акции (позитивна дискриминација), за да се надомести за неповолностите поврзани со попреченоста.

Постоечките национални тела за еднаквост ќе бидат одговорни за следење на правата на жртвите од дискриминација, преку индивидуална помош за жртвите и/или извештаи и препораки за ситуацијата во однос на дискриминација врз лица со попреченост и други групи.

За да влезе во сила, оваа Директива ќе треба да биде едногласно усвоена од страна на Европскиот совет по консултација во Европскиот парламент, согласно членот 13 од Договорот на Европската унија. Можеме да очекуваме дека Директивата ќе биде усвоена во почетокот на 2009 година. Потоа ќе следи краен рок за државите членки да ја пренесат Директивата во нивните национални закони.

**Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД)**

# Европски иницијативи за обезбедување на достоинствен живот преку квалитетни сервисни служби

EASPD

***Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД), во периодот од 15-ти до 17-ти септември 2008 година, во Виена - Австрија одржа две Меѓународни конференции на тема "Квалитет на живот" и "Европски сертификат за грижа". На конференциите учествуваа над 150 претставници на организации - членки на ЕАСПД и претставници на национални и локални власти од цела Европа. Во продолжени на конференциите, беше одржано Изборно генерално собрание на ЕАСПД и Свечено доделување на награди за животно дело.***

На 15-ти септември 2008 година, во Виена - Австрија се одржа меѓународната конференција на тема "Квалитет на живот", која имаше за цел да ги презентира резултатите од истоимениот проект, реализиран изминатите две години од ЕАСПД во партнерство помеѓу неколку организаци - членки на ЕАСПД.

Во рамките на проектот развиена е методологија за мерење на квалитетот на живот на лицата со попреченост, со посебен фокус на областите од вработувањето и сервисните служби. Во дебатите во рамките на конференцијата беше истакната улогата на сервисните служби, односно нивниот квалитет на работа како еден од основните услови за внесување на дополнителен квалитет во секојдневниот живот на лицата со попреченост.

Втората конференција, која се одржа на 16-ти септември 2008 година, на тема "Европски сертификат за грижа", исто така претставуваше завршна активност на проект на ЕАСПД, насочен кон креирање на инструменти преку кои низ цела Европа би се унифицирало нивото на потребно знаење за лицата кои се ангажираат во секторот за грижа и заштита на лица со интелектуална попреченост.

Со оглед на тоа што насекаде низ Европа се користат различни критериуми за ангажирање на персонал во сервисните служби за лица со попреченост, во рамките на конференцијата беше дискутирано за воспоставување на едно основно потребно ниво на знаење кај персоналот при нивно ангажирање во сервисните служби во земјите од Европа.

Особено важен резултат од проектот, кој беше презентиран на конференцијата, претставува моделот на прашалник, односно тест, кој би се користел како првичен метод за оценување на основното знаење кај персоналот и кој всушност е услов за стекнување на ткн. европски сертификат за грижа.

Изборното генерално собрание на ЕАСПД се одржа на 17-ти септември 2008 година и на истото беше избрана нова раководна структура на ЕАСПД (Претседател, три Потпретседатели и Одбор составен од девет члена). Голем успех за РЦПЛИП - ПОРАКА е што д-р Василка Димоска, програм менаџер на РЦПЛИП - ПОРАКА е избрана за еден од деветте членови на Одбор на ЕАСПД.




На 15-ти септември 2007 година, во Градското собрание на Виена, ЕАСПД одржа Свечено доделување на награди за животно дело. Наградите беа доделени на двајца истакнати активисти во полето на сервисни служби за лица со попреченост: на д-р Мариа Брукмилер од Австрија и, на наше големо задоволство, на Џон О'Горман од Ирска кој е голем пријател и поддржувач на РЦПЛИП - ПОРАКА.



## Документ за позиција на Европската Инклузија

*продолжение од претходниот број*

# КЛУЧНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА СИСТЕМ НА ПОДДРЖАНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

**Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во членот 12 бара еднакво законско признавање за сите лица со попреченост. Овој документ за позиција истражува кои клучни елементи се потребни за имплементирање на ова начело во правните системи на сите европски земји. Започнувајќи од дискусијата за одредени основни поими во врска со деловната способност, Документот за позиција идентификува осум елементи кои треба да се разгледаат при имплементацијата на овој член со цел Конвенцијата на ОН да стане инструмент кој ги промовира правата на лицата со интелектуална попреченост.**

Објективно гледано на способностите на лицата со интелектуална попреченост, мораме да заклучиме дека многу од нив се доста способни да носат одлуки кои се однесуваат на нивните животи: што сакаат да јадат или да пијат, која облека да ја носат, каква музика или ТВ програми сакаат, со кого сакаат да живеат, или како сакаат да го поминуваат нивното слободно време. Целта на инклузивниот пристап е да се прошират овие способности за донесување одлуки и мислења за секоја индивидуа со тоа што животот во општеството ќе се направи попристапен за лицата со интелектуална попреченост.

Кога лицата признаваат дека имаат потреба од поддршка, тие прво се свртуваат кон нивните неформални мрежи за поддршка. Многу лица со интелектуална попреченост се доста вешти во организирање на нивниот круг на пријатели со или без попречености, соседи, колеги итн. на кои можат да се обратат кога им е потребна помош. Колега кој помага да се објаснат промени во јавниот превоз, сосед кој зборува со газдата на станот во случај на проблеми со станот, или пријател со кој купува нова облека се неколку примери. Акцијата во однос на деловна способност треба да бара да се зајакнат и да се прошират овие неформални мрежи наместо тие да се заменат со професионални сервисни служби.

Во зависност од степенот на попреченост, ќе постојат поголеми или помали области на донесување одлуки каде лицето со интелектуална попреченост ќе има потреба од организирана поддршка и совет. Некои лица ќе имаат потреба од поддршка во многу едноставни секојдневни одлуки, додека други ќе имаат потреба од помош само со големи одлуки кои влијаат врз нивните животи. Лицата со интелектуална попреченост можат да научат како да донесат одлука. Сепак, важно е да се има на ум дека ризикот од правење грешки треба во целост да се прифати како нормална последица од целосната деловна способност. Следните суштински елементи за систем на поддржано донесување одлуки се фокусираат на обезбедување на оваа организирана поддршка без исклучување на предизвиците и потешкотиите споменати во претходните делови.

**Член 12 на Конвенцијата на ОН**

**Еднакво признавање пред законот**

*3. Државите потписнички ќе преземат соодветни мерки за да обезбедат пристап за лицата со попреченост до поддршка која може да им е потребна при остварувањето на нивните законски права.*

*4. Државите потписнички ќе обезбедат дека сите мерки поврзани со практикувањето на деловната способност обезбедуваат соодветни и ефективни механизми на заштита наменети за превенција од злоупотреба во согласност со меѓународниот закон за човекови права. Таквите механизми на заштита ќе обезбедат дека мерките поврзани со практикувањето на деловната способност ги почитуваат правата, волјата и преференциите на лицето, дека се ослободени од конфликт на интереси и несоодветно влијание, се пропорционални и скроени според условите во кои се наоѓа лицето, се применуваат во најкратко можно време и се подложни на редовен преглед од страна на надлежен, самостоен и непристрасен орган или судско тело. Механизмите на заштита ќе бидат пропорционални на степенот до кој мерките влијаат врз правата и интересите на лицето.*

### Суштински елементи на системот на поддржано донесување одлуки

Поддржаното донесување одлуки како што е предвидено во Конвенцијата на ОН, започнува од целосна и еднаква деловна способност на сите граѓани, дури и на оние со тешки и длабоки степени на попреченост. Потоа, го дава правото да се добива соодветна поддршка во донесувањето одлуки, вклучувајќи ги потребните заштитни механизми:

#### *1. Промоција и поддршка на самозастапување*

Да се биде способен за носење на одлуки бара обуки, поддршка и вежби со играње улоги. Исто така, бара членовите на семејството, згрижувачите, професионалците и други да ја признаат способноста на

## Документ за позиција на Европската Инклузија



лицата со интелектуална попреченост да носат сопствени одлуки. Тоа се целите на движењето за самозастапување на лицата со интелектуална попреченост кои зборуваат во свое име. Ова движење може да обезбеди непроценлива поддршка за врсници со интелектуална попреченост да носат сопствени одлуки.

Европската Инклузија, поради тоа, ги повикува сите држави потписнички:

- Да осигураат дека вештините за самозастапување се вклучени во наставните планови на сите училишта;
- Да креираат услови за групи за самозастапување и поддржување на самоопределувањето;
- Да ги поддржуваат и промовираат организациите за самозастапување.

### *2. Употреба на редовни механизими за заштита на најдобрите интереси на лицето*

Како што беше и претходно споменато, системите на поддржано донесување одлуки не се единствените мерки за заштита на интересите на лицето. Заштитата на потрошувачите, информациите за потрошувачите, правната заштита за станарите, правата на медицинските пациенти, правата на корисниците на транспорт, вработените итн. се само дел од областите каде државите потписнички веќе инсталирале системи на заштита за граѓаните.



Лицата со интелектуална попреченост се поранливи на злоупотреби и поради тоа редовните системи за заштита треба да бидат попристапни и поинклузивни. Се преферира да се користат овие редовни механизми наместо посебни процедури развиени за заштита на интересите на лицата со попреченост.

Поради тоа, Европската Инклузија ги повикува сите држави потписнички:

- Да осигураат дека сите постоечки структури и законски механизми за заштита на граѓаните во различни области од животот се пристапни за лицата со интелектуална попреченост, се прилагодени на потребите на лицата со попреченост и се во можност да ги земаат предвид нивните интереси;
- Да шират информации за постоењето и работата на овие системи во пристапни формати за сите лица со интелектуална попреченост и нивните поддржувачи.

### *3. Заменување на традиционалното старателство со систем на поддржано донесување одлуки*

Со воспоставувањето на начелото на целосна деловна способност преку членот 12, од државите потписнички се бара да развијат сеопфатен систем на поддржано донесување одлуки и заштитни механизми за сите лица со интелектуална попреченост во законот и во практиката.

Европската Инклузија, поради тоа, ги повикува државите потписнички:

- Да направат преглед на сите национални закони во споредба со членот 12 и да осигураат дека правото на самоопределување и на еднакво признавање пред законот од сите лица без дискриминација врз основа на попреченост е запишано во законот.
- Да ги укинат без задоцнување сите легислативи и практики кои (понекогаш автоматски) водат кон деловна онеспособеност откако лицето со интелектуална попреченост ќе остари.
- Да развијат и воспостават систем на поддржано донесување одлуки согласно суштинските елементи опишани подолу;
- Да се креира план за постепено имплементирање на новоусвоениот систем на поддржано донесување одлуки; традиционалните мерки за старателство врз основа на соодветни законски реформи треба да бидат прегледани за сите случаи и треба прогресивно да бидат заменети со систем на поддржано донесување одлуки.

Ќе биде потребно време за овој систем да се развие и ќе постои ризик да стане нефункционален ако сите постоечки мерки на традиционалното старателство се прогласат за нелегални во исто време. Стариот систем на старателство и новиот систем на поддржано донесување одлуки треба да постојат паралелно одреден временски период, односно се додека не се заврши транзицијата.

*продолжува во следниот број*

**Регионална конференција, Сараево, Босна и Херцеговина, 2-ри до 5-ти јуни 2008 г.**

# “Чекор кон Европа II – Права и политики во областа на лица со попреченост во Југоисточна Европа”

**На конференцијата “Чекор кон Европа II”, учествуваа голем број на претставници на организации на лица со попреченост од регионот на Југоисточна Европа, на Владите на земјите од овој регион, како и претставници на еврпското движење на лицата со попреченост. Во рамките на конференцијата беа одржани четири работилници. На конференцијата учествуваше Чедомир Трајковски - претседател на РЦПЛИП - ПОРАКА и на НСИОМ. На крајот на конференцијата беше усвоена Резолуција, која во целост ја пренесуваме.**

## РЕЗОЛУЦИЈА - ЧЕКОР НАПРЕД

Ние, учесниците на регионалната конференција “Чекор кон Европа II”, претставници на организации на лица со попреченост и претставници на Владите од земјите во југоисточна Европа, заедно со претставниците на европските институции, меѓународни невладини организации и европското движење на лица со попреченост, организирана од SHARE SEE партнерите и Европскиот Форум на лица со попреченост, се собравме да ги споделиме своите надежи и намери во однос на развојот на политиките за лица со попреченост во контекст на процесот на пристапување кон Европската Заедница и да се согласиме околу некои наредни чекори, неопходни да се превземат, за да им се овозможи на лицата со попреченост да станат рамноправни граѓани и да ги уживаат човековите права.

Го поздравуваме позитивниот напредок во однос на првата конференција одржана во 2005г., кој им овозможи на лицата со попреченост повеќе да учествуваат во сите сфери на животот во општеството, особено оние сфери кои се дефинирани како приоритетни во резолуцијата донесена на првата конференција ”Чекор кон Европа”. Многу од земјите имаат усвоено анти-дискриминаторски закони и/или национални стратегии во областа на лица со попреченост, а некои од земјите ја потпишале и го започнале процесот на ратификација на Конвенцијата за правата на лица со попреченост.

Го поздравуваме процесот на промени кој повторно потврди и истакна дека попреченоста е прашање на човекови права, а е во согласност со Европската Конвенција за човекови права и поддржано со Акциониот план на Советот на Европа за прашања важни за лицата со попреченост во однос на бројните европски програми.

Го поздравуваме значајниот напредок во развојот на движењето на организирање на лица со попреченост во регионот, чиј резултат е поактивна улога на организациите на лица со попреченост на сите нивоа во процесот на донесување на одлуки и вклучување како интегрален дел во сите политички процеси. Овој прогрес е резултат на значајните напори кои го вложиле организациите на лица со попреченост во регионот низ проекти за застапување со цел да се унапреди животот на лицата со попреченост, како и унапредување на социјалната политика и пратечкото законодавство, процеси кои се исто така пропратени со успешна меѓународна соработка.



За жал, и покрај значајните промени од 2005г. лицата со попреченост се уште се наоѓаат меѓу најсиромашните и најмаргинализираните групи на население во Балканскиот регион. Националните извештаи за состојбите во областа на лица со попреченост, подготвени од сите национални организации на лицата со попреченост во регионот го документираат овој факт. Ограничениот пристап до инклузивно образование, бројни бариери при вработување и остварување на одржлив стандард на живеење, недостаток на пристап до социјални сервисни служби и низок стандард на постоечките сервисни служби, присуство на институции за трајно сместување и социјална изолација на лицата со попреченост, и понатаму се проблеми кои треба да ги решаваат владите на земјите во регионот со помош на меѓународните организации, а во тесна соработка со организациите на лица со попреченост, обезбедувачи на сервисни служби и услуги и професионалците.

Ние, учесниците на Конференцијата “ Чекор кон Европа II” заради горе наведеното, како основни предизвици во иднина ги гледаме следните задачи:

- Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, која влезе во сила на 3-ти мај 2008г., инсистира на право за образование, здравствена заштита, вработување, адекватни услови за живот, слобода на движење, слобода од експлоатација и еднакви права пред законот. Укажува на прашања за пристап до јавен транспорт, изградба на пристапни објекти и препознавање на капацитетите на лицата

со попреченост и донесување на самостојни одлуки кои се однесуваат на нив. Затоа, укажуваме на апсолутна потреба да сите земји од регионот ја потпишат и ратификуваат Конвенцијата на ОН.

- Процесот на европски интеграции и регионална соработка треба да биде од корист и за сите групи на лица со попреченост. Затоа ги повикуваме сите земји од регионот да ги вклучат лицата со попреченост во процесот на придружување кон Европската унија и да го интегрираат Акциониот План на Советот на Европа во процесот на донесување на одлуки на сите нивоа и во сите државни политики.

Меѓународните организации треба да ја интегрираат Конвенцијата на ОН во своите активности во Балканскиот регион. Меѓународните инструменти на Светска Банка, програмите за развој на ОН, како и инструментите за влез во Европската унија треба да ги вклучат и прашањата за лица со попреченост во своите програми за финансирање на одредени активности во регионот.

- Забрана на дискриминација по основ на попреченост треба да биде во фокус на сите држави во регионот. Истакнуваме итна потреба да се продолжи заедничката борба против дискриминација по основ на попреченост и физички и социоекономски бариери и овозможување на полно учество на лицата со попреченост во општеството. Ова бара идентификација и релокација на финансиски и човечки ресурси наменети за примена и дефинирање на одговорности во однос на пратење и евалуација на сите нивоа.
- Национални стратегии во областа на попреченост во сите држави во регионот треба да бидат применети до 2010г. Секоја стратегија треба да биде сеопфатна, дефинирана и во согласност со Конвенцијата на ОН, европскиот “aquis communatuaire” и другите меѓународни, европски и национални политики и инструменти со цел за унапредување на животот на лицата со попреченост. Тоа бара усвојување и примена на закони кои забрануваат дискриминација по основ на попреченост и гарантираат пристап со социјалните сервисни служби, јавни добра, образование и доживотно учење, вработување, физичката околина, информации, комуникација и политички права.
- Образование за сите е суштинска неопходност која треба да осигури за лицата со попреченост пристап до теоретското занење, животните вештини и професионална рехабилитација со цел да се применат начелата на инклузивно општество. Во согласност со Конвенцијата на ОН, Европските стандарди, Резолуцијата од Саламанка и други меѓународни инструменти, ги повикуваме земјите од регионот да продолжат со реформите кои ќе обезбедат пристап до образование за лицата со попреченост. Затоа е потребно законодавство кое го гарантира правото на образование и механизми кои ќе обезбедат да државните планови за образование и регулативите ги вклучуваат и лицата со попреченост. Водени од начелата на инклузивно образование, државите треба итно да иницираат и донесат мерки кои ќе обезбедат зголемен број на лица со попреченост кои ќе се вклучат во редовен образовен процес.




- Социјалните сервисни служби и самостојниот живот се во тесна врска, затоа што социјалните сервисни служби претставуваат инструменти кои гарантираат концепт на самостоен живот и обезбедуваат за лицата со попреченост да живеат живот како и останатите граѓани. Затоа истакнуваме дека одговорноста на сите влади во регионот е да обезбедуваат вакви сервисни служби со што ќе се испочитуваат основните човекови права на лицата со попреченост, сервисните служби да бидат доволно финансирани, да постои гарантирана можност на избор и да начелата на пристапност, финансиска достапност и адаптибилност бидат вклучени во сите сервисни служби.

Жалосно е што се уште постојат голем број на установи за трајно сместување во сите земји во регионот. Националните планови за затварање на институциите, а во согласност со тоа, и развој на алтернативни сервисни служби во локалната заедница, треба да бидат интегрирани во секоја стратегија во областа на лица со попреченост во земјите во регионот.

- Вработување и одржлив живот се две главни насоки за постигнување на еднакво учество. Ја истакнуваме потребата да сите држави обезбедат еднакви можности за вработување и одржлив развој на лицата со попреченост, во согласност со Конвенцијата на ОН и стандардите на Европската заедница и Советот на Европа, преку усвојување на адекватни и ефикасни закони и конкретни програми кои експлицитно имаат за цел зголемување на учеството на лицата со попреченост на пазарот на труд.
- Сеопфатна меѓусебна соработка и зајакнување на движењето треба да биде континуирана задача на сите актери. Затоа, повикуваме на понатамошна непрекината соработка помеѓу политичките лидери, јавните власти и организации на лица со попреченост со што оваа проблематика би станала меѓусекторски интерес вклучена во сите области на животот. Почитувајќи го начелото *“ништо за нас - без нас”* конкретните акциони планови треба да се донесат на сите нивоа во кои ќе се дефинира како ќе се организира соработката и на кој начин ќе се обезбеди влијанието на лицата со попреченост. Тоа понатаму бара јасна државна политика за статусот на организациите на лицата со попреченост и начин на кој финансиската поддршка на овие организации ќе биде дефинирана и дистрибуирана.

Сараево, 5 јуни 2008 г.

**Стратешки документ на ЕАСПД**

# ДОКУМЕНТ ЗА ПОЗИЦИЈА ЗА СТРАТЕГИИ ЗА ПОТПОМАГАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СЕРВИСНИ СЛУЖБИ ВО МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕ КОИ СЕ ОРИЕНТИРАНИ КОН ЛИЦЕТО

***Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) претставува над 8.000 организации обезбедувачи на социјални сервисни служби низ цела Европа, од различен вид на попреченост. Главната цел на ЕАСПД е да промовира изедначување на можностите за лицата со попреченост преку ефективни и високо квалитетни системи на сервисни служби. ЕАСПД верува во меѓусебна поврзаност и партнерство на организации на корисници, обезбедувачи и власти на сите нивоа, за справување со предизвиците кои претстојат.***

## ИСТОРИЈАТ

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лица со попреченост ја доби својата 20-та ратификација на 3-ти април 2008 година, што значи дека 30 дена подоцна Конвенцијата и Опцијалниот протокол ќе влезат во сила. Тоа означува важна пресвртница во напорите да се промовира, заштити и осигура целосното и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи за лицата со попреченост, и да се промовира почитта за нивното вродено достоинство.

Повеќето европски земји се во процес на ратификување на новата Конвенција на ОН, што создава единствена можност и момент за промена. За обезбедувачите на сервисни служби низ цела Европа, развојот на сервисни служби во местото на живеење кои се ориентирани кон лицето, како што е опишано во Конвенцијата на ОН и други меѓународни документи, е веројатно најголемиот предизвик за секторот во декадата што доаѓа. Предизвикот се однесува на приближување на сервисните служби до лицата, а не обратно.

Со овој документ за позиција, одобрен од сите членки, ЕАСПД сака да придонесе за имплементација на Конвенцијата и изнаоѓање решение за големите сегрегирачки институции кои сé уште постојат во цела Европа. Документот е структуриран околу 4 главни делови: стратешки препораки, препораки за Европската унија и Советот на Европа, препораки за државите членки и општи заклучоци.

## ПРВ ДЕЛ: СТРАТЕШКИ ПРЕПОРАКИ

Неколку европски истражувања потврдиле дека институционалната грижа за лица со попреченост во Европа продолжува да покажува неуспех во постигнувањето на прифатливи стандарди во многу случаи. Најголемиот број на извештаи препорачуваат поширока употреба на сервисни служби во местото на живеење, кои нудат подобар квалитет на живот за лицата со попреченост, а истовремено, не се поскапи.[1]

ЕАСПД предложи четири вида на акции за потпомагање на развојот на сервисни служби во местото на живеење кои се ориентирани кон лицето:

### *1. Политичка и законска акција*

- **Законска забрана** за сместување во големи сегрегирачки институции е потребна. Само со пресекување на линијата на примања може да се осигура дека нема да има сместување на нови лица со попреченост во овие институции.
- **Независна проценка** на квалитетот на сервисните служби е апсолутно потребна: извештаите од мониторингот треба да се поднесуваат до парламентите, а не до министерствата.
- Локална одговорност за обезбедувањето на социјални и здравствени сервисни служби функционира само кога се инсталирани добро следени национални **механизми за квалитет**.



[1] ЕАСПД даде придонес како партнер во проектот *Вклучени во општеството*, финансиран од Европската комисија, Одделение за вработување и социјални работи, во рамките на Европската година за лица со попреченост 2003, и во проектот *Деинституционализација и живот во заедницата – исходи и трошоци*, финансиран од Европската комисија, Одделение за вработување, социјални работи и еднакви можности, 2005.

## Стратешки документ на ЕАСПД



### *2. Вистинска соработка меѓу носителите на акции*

- Само преку **вклучување на сите релевантни носители на акции** (лица со попреченост, обезбедувачи на сервисни служби, власти), може да се развиваат ефективни и ефикасни политики. Вистинската соработка меѓу носителите на акции значи многу повеќе од меѓусебно сослушување.
- **Работа со актери кои се способни да исполнуваат**: треба да се промовира соработка со невладини организации и посветени локални власти.

### *3. Развивање на алтернативи*

- **Деинституционализацијата е неопходна, но не е доволна.** Големите сегрегирачки институции не можат да се затворат доколку не постојат алтернативи!
- Поради тоа, **развојот на нови алтернативи** е од суштинска важност. Широк спектар на сервисни служби, започнувајќи од семејна поддршка и рана интервенција, се потребни. Регионални и/или општински мултидисциплинарни тимови за рана интервенција и поддршка на семејствата се дел од решението. Сите нови алтернативи треба да придонесуваат за социјална инклузија и за социјална кохезија во општествата.
- **Постоечките институции не смеат да се променат во златни кафези**. Потребен е нов вид на сервисни служби, не само подобра верзија на истите!

### *4. Инвестирање во лицата*

- **Инвестирање во персоналот**: Обука (и повторна обука) на персоналот (и на ниво на менаџментот) мора да се спроведува.
- **Инвестирање во семејствата**: Да се обидеме да ги задржиме децата во своите домови и да ги трошиме времето и парите на нивните роднини. Улогата на семејствата во обезбедувањето на социјални сервисни служби не може да се прецени.
- **Инвестирање во лицата со попреченост**: Се случи промена во парадигмата која не ги гледа лицата со попреченост како пациенти, туку од социјален модел и модел на човекови права. Лицата со попреченост треба да се зајакнат и потребен е посилен фокус на нивните способности наместо на нивната попреченост.
  - o Образованието воопшто и поспецифично пристапот до квалитетно образование има клучна улога во овој поглед.
- **Инвестирање во општеството**: Подигнување на свеста на различни нивоа (медиуми, власти, општество, ...) може да биде корисна алатка.

### *ЗАКЛУЧОЦИ*

Промената треба да се гради врз коректни законски рамки и врз вистинска соработка помеѓу носителите на акции, и треба да се потпира на посветен персонал. Само тогаш е можен развојот на одржливи нови видови на сервисни служби.

## ВТОР ДЕЛ: ПРЕПОРАКИ ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Различните европски тела имаат значајна улога која треба да ја одиграат во потпомагањето на развојот на сервисни служби во местото на живеење кои се ориентирани кон лицето:

1. Европската комисија и Европскиот парламент треба да гарантираат дека ниту еден од **структурните фондови** (особено Европскиот социјален фонд) нема да се користи за креирање на нови сегрегирачки институции.

   Тоа може да се направи преку вклучување на посилна насока во однос на квалитетот на социјалните сервисни служби во насоките за структурни фондови и други финансирања од Европската комисија. Мора да се направи подобар мониторинг за тоа како се трошат фондовите во државите членки.
2. **Властите на сите нивоа ќе треба да обезбедат резервирани буџети**, специфично распределени за поддршка на државите членки во имплементирање на потребните промени во обезбедувањето сервисни служби за лица со попреченост.
3. Советот на Европа и Европската унија треба да помогнат во меѓународната **размена на модели на добра практика** и учење преку границите и културите.
4. Европската унија и Советот на Европа треба да имаат улога во понатамошно **развивање на Европската рамка за начела на квалитет** за социјалните и здравствените сервисни служби за лица со попреченост.

   Иновативна работа веќе се случува во High Level групата за попреченост при Европската комисија.
5. Важно е и Европската унија и Советот на Европа да **промовираат брза ратификација на Конвенцијата на ОН** помеѓу своите држави членки.

   Ефективен мониторинг за имплементацијата на Конвенцијата на ОН мора да се спроведува.

## Стратешки документ на ЕАСПД

6. **Коректни законски рамки** се потребни за да може да се обезбедат квалитетни сервисни служби.

   Целата дебата за специфичноста на секторот и за важноста од обезбедување социјални и здравствени сервисни служби во Европа која старее се од најголема важност.
7. **Собирањето на споредливи податоци** можат да им обезбедат на државите членки и носителите на акции потребни информации кои ќе им помогнат во актуелното развивање на нови видови сервисни служби.
8. **Добро разбирање на секторот во источно-европските земји** е потребно за да може да се изнајдат скроени решенија. Решенијата, кои беа прикажани во документарниот филм на BBC "Напуштените деца на Бугарија" се под човековото достоинство и треба да се решат.

   Дел од решението не е само да се бламираат бугарските власти или фокусот да се стави само на Бугарија. Слични случаи се случуваат и во други земји, поради тоа потребен е многу поширок одговор.

## ТРЕТ ДЕЛ: ПРЕПОРАКИ ЗА ДРЖАВИТЕ ЧЛЕНКИ

Најголемата надлежност во оваа област ја имаат државите членки. Тие, исто така, се одговорни за актуелната имплементација на Конвенцијата на ОН. Поради тоа, ги повикуваме државите членки да ја ратификуваат Конвенцијата на ОН без никакво одлагање.

1. Со цел да се потпомогне имплементацијата на Конвенцијата на ОН, можат да се организираат **интерминистерски конференции** на национално или на регионално ниво. Таквите "конференции за имплементација" треба да се организираат со вклучување на различни министерства, но и во тесна соработка со лицата со попреченост, мрежите на обезбедувачи на сервисни служби и сите други вклучени носители на акции. Само преку вклучување на сите (релевантни) министерства може да се гарантира вистинско вклучување во редовниот тек (еден од клучните концепти на Конвенцијата на ОН).
2. **Децентрализација на надлежностите на регионално и на локално ниво понекогаш е ризична**. Честопати буџетите се пониски на локално ниво и буџетските





прашања се сметаат за поважни отколку обезбедување на високо квалитетни сервисни служби. Мониторингот на обезбедувањето социјални сервисни служби треба да се врши на поцентрална основа.
3. Треба да се резервира простор за обезбедување на социјални и здравствени сервисни служби за лица со попреченост во **општинското социјално планирање**.
4. **Властите од сите нивоа ќе треба да обезбедат резервирани буџети**, специфично распределени за поддршка на државите членки да ги имплементираат потребните промени во обезбедувањето сервисни служби за лицата со попреченост.
5. Треба да се развијат **шеми за директно финансирање**. На пример, концептот на лични буџети е една од опциите која ќе им овозможи поголема самостојност на лицата со попреченост и со која сервисната служба ќе се приближи до лицата, а не обратно. Со обезбедување на лични буџети, лицата ќе останат надвор од институциите и тие ќе можат да уживаат во сервисните служби во местото на живеење.

## ЧЕТВРТ ДЕЛ: ЗАКЛУЧОК

Вклучувањето на носителите на акции во креирањето политики, планирањето и во менаџментот води кон пореални и ефективни политики и планови, а воедно ја подобрува нивната имплементација. Причините за тоа се дека подобрата информираност и пошироките искуства го олеснуваат развојот и имплементацијата на реалистични политики и планови, нови иницијативи може да се вметнуваат во постоечките легитимни локални институции, постои помал отпор и поголема политичка поддршка, ќе се развиваат локалните капацитети, а ќе се минимизира политичката замешаност. Само преку вистинска соработка помеѓу носителите на акции, може да се подобри обезбедувањето на сервисни служби за лица со попречености и да се гарантира имплементацијата на Конвенцијата на ОН.

Соработката помеѓу носителите на акции треба да води кон развој на акционен план за потпомагање на развојот на сервисни служби во местото на живеење кои се ориентирани кон лицето. Еден од клучните фокуси во акциониот план ќе треба да биде резервирани буџети распределени за оваа специфична област.

# Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

## Активности на базен

Неколку сезони наназад корисниците на дневниот центар на ПОРАКА во Скопје ги користат можностите за рекреирање, забавување и разладување на отворениот базен “Бисер”.

Целта на оваа активност е да се увидат можностите на секој од присутните корисници за вклучување во ваков вид на спортување, рекреација и релаксација.

И оваа година во текот на летниот период, повторно благодарејќи на разбирањето на сопственикот на базенот, за бесплатно користење на услугите, корисниците од дневниот центар, придружувани од ангажираните лица, се рекреираа во базенот еднаш неделно. Никогаш не поминува радоста кога ќе се влезе во вода и ќе се разладува во жешките летни денови. Некои од корисниците веќе го надминаа стравот кој го имаат од влегувањето во вода, а некои се здобиваат со елементарни познавања за пливање и одржување во вода.



Пред се, сите се забавувавме и рекреиравме, а соработката со базенот ја продлабочивме, за што упатуваме голема благодарност.

## Посета на музејот на Гоце Делчев и на Скопското Кале

Во рамките на запознавањето со македонското минато и историја, а по повод националниот празник Илинден, корисниците на дневнот центар на ПОРАКА од Скопје имаа можност да го посетат музејот на нашиот истакнат револуционер Гоце Делчев.



Со помош на нашата домаќинка, која несебично го споделуваше знаењето со нас, имавме можност да се запознаеме со животот и делото на Гоце Делчев, како и на другите револуционери и борци за слободата од периодот на Илинденското востание.

Исто така, како резултат на потребата од постојано запознавање, но и повторување на веќе стекнатите знаења за знаменитостите и препознатливите места на градот Скопје, корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје го посетија скопското Кале.

Покрај разгледувањето на истото и повторувањето за тоа дека претставува многу стар град, се запознавме со значењето на големите ѕидови и големата кула, а имавме можност да се запознаеме и со ископините на тврдината.

## Подготовка на зимница во дневниот центар - ПОРАКА Скопје

Веќе традиционално секоја година корисниците од дневниот центар – ПОРАКА Скопје, како дел од програмските активности, подготвуваат зимница.

Овојпат во активноста на подготовка на зимницата беа вклучени и дел од родителите на корисниците поради тоа што една од целите на дневниот центар ПОРАКА - Скопје претставува и вклучување на родителите во активностите на дневниот центар.

Овие активности се повторуваат неколку години наназад, но сепак претставуваат единствено искуство поради задоволството и радоста која корисниците ги имаат при подготовката, како и поради можноста подготвената зимница да се проба и вкуси во текот на зимата.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# ЦПЛИП - ПОРАКА Виница во Специјалниот завод - Демир Капија

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Виница на 08.06.2008 година организираше посета на штитениците во Специјалниот Завод Демир Капија на која учествуваа членовите, родители и роднини на штитениците. Превозот и храната за по пат беа обезбедени од локалната самоуправа на Општина Виница. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Виница, во име на општината, на лицата кои престојуваат во Заводот, им дадоа мали пакети. Средбата помина добро, на заедничко задоволство и на штитениците и на родителите.

Посетите на Заводот се организираат повеќе години по ред, еднаш до двапати во годината, и со нетрпение се очекуваат од страна на родителите и роднините, а на нив се радуваат и лицата сместени во Заводот.

# Штипско културно лето 2008 и излет до Лесновскиот манастир

И оваа лето, во нашиот град се одржа манифестацијата Штипско културно лето. Програмата на Штипското културно лето 2008 побуди интерес и желба некои активности да бидат посетени и од членовите на клубот на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. Се договоривме со родители на нашите членови заеднички да ги посетиме музичките концерти на народни песни и ора од кои едниот се одржа во Домот на младите, а другиот на К’ртеке во месноста наречена Сујтлак. На концертите присуствуваа и родителите на лицата со интелектуална попреченост, затоа што концертите се одржуваа во подоцните вечерни часови. Заедно со големиот број на граѓани од нашиот град кои беа присутни на концертите, членовите со задоволство и внимание ги проследија народните песни и ора. Членовите на клубот на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип ја посетија изложбата на ликовни уметнички слики што беше отворена во Уметничката галерија Безистен во Штип. И на овој начин ЦПЛИП – ПОРАКА Штип им дава поддршка на своите членови да излезат од своите домови и да се почувствуваат рамноправни со останатите граѓани, се со цел да го разубавиме нивниот живот.

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Штип во месец јуни 2008 година организираше и спроведе еднодневен излет до Лесновскиот манастор кој се наоѓа во близина на селото Злетово – Пробиштип. На еднодневниот излет беа лицата со умерена и тешка интелектуална попреченост и мал број нивни родители.

По пристигнувањето, најнапред го посетивме Лесновскиот манастир, присуствувавме на нивната литургија, а потоа бевме поканети од одговорниот на манастирот на ручек, подготвен од нив, со останатите гости кои беа во посета на манастирот. Потоа, пешачејќи и уживајќи во природните убавини што го опкружуваат манастирот, сите заедно отидовме во селото Лесново и го посетивме училиштето, а од домаќинот ни беше овозможено да ја посетиме изложбата на народни носии и стари предмети што ги употребувале нашите баби и дедовци во домаќинството.

По враќањето од селото Лесново, се одморивме малку, а потоа се упативме по направената патека која водеше до пештерите. Влеговме во неколку пештери од кои се ваделе големи воденични камења за воденците по селата за мелење на житото. Темните облаци и летниот дожд кој одвреме навреме проросуваше, не успеаа да ни го расипат овој убав ден кој многу бргу ни помина во дружење и рекреирање. Сите задоволни се вративме во вечерните часови, со желба повторно да организираме ваков излет до некое излетничко место во Македонија.

# Радовишко културно лето 2008 година

Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш редовно присуствуваат на сите културни збиднувања кои се одвиваат во рамките на “Радовишко културно лето” кое се спроведува под покровителство на градоначалникот на Радовиш и Центарот за култура.

На ден 04.07.2008 година корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш присуствуваа на свечено отварање на “Радовишкото културно лето”, со гала оперски концерт на македонската опера под водството на нашата сограѓанка и примадона на македонската опера г-ѓа Милка Ефтимова со нејзини гости пејачи.

Вистинско изненадување на вечерта за радовишката јавност беше претставувањето на македонскиот амбасадор во УНЕСКО г-дин Борис Трајанов, кој со неговиот прекрасен глас ја плени публиката и не ја остави рамнодушна.

Гости на оваа манифестација беа голем број на ученици на г-ѓа Милка Ефтимова, а веќе признаени уметници во земјата и во странство, меѓу кои и г-ѓа Весна Гиновска-Илкова.

На ден 18.07.2008 година со почеток во 20:30 часот во Центарот за култура, во рамките на Радовишкото културно лето, ја проследивме изведбата на театарската претстава “Покондирана тиква” од страна на актери од Центарот за култура во Кочани. Станува збор за комично претставување на двете класи на народот, богати и сиромаси, и нивниот однос во меѓусебното комуницирање.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Летен одмор за корисниците на дневниот центар во Крива Паланка

И оваа година, дневниот центар кој функционира во состав на ЈУ МЦСР – Крива Паланка со заеднички сили и напори со ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка, успеаа да ги одведат корисниците на дневниот центар на летен одмор во Дојран во траење од 8 дена.

Одморот кој се реализира веќе четврта година по ред, се одржа во период од 15.08. до 22.08.2008 година во одморалиштето на Детскиот дом “11-ти Октомври”, Скопје. На одморот беа вклучени 18 лица од дневниот центар со петте вработени лица.

Во овој период од 8 дена корисниците беа самостојни, беа подалеку од нивните родители-згрижувачи, сами ја одржуваа личната хигиена, сами ги местеа своите кревети, се капеа во езерото, сами си купуваа освежителни пијалоци, комуницираа со продавачите, со луѓето на плажа.

За одбележување е и фактот што оваа година родителите-згрижувачите за прв пат партиципираа за своето дете по 1.000,00 денари за транспортни трошоци.

Секако дека на крајот ја изразуваме неизмерната благодарност до Детскиот дом “11-ти Октомври” од Скопје кој го отстапи одморалиштето за нашите корисници без надоместок, освен потрошени комуналии (струја и вода), и секако голема благодарност до вработените кои 24 часа дневно се грижеа за корисниците.

Се надеваме дека и во наредната година ќе се продолжи со реализацијата на овие зацртани цели и активности со вклучување и на други лица со интелектуална попреченост кои не се корисници на услугите кои ги овозможува дневниот центар.



# Корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Кочани на екскурзија во Крушево

На 17.06.2008 година, корисниците на дневниот центар на ПОРАКА во Кочани со едукаторот и претседателката Светлана Трнинкова го посетија Крушево и вечното почивалиште на Тоше Проески. Ова патување корисниците долго го посакуваа, така што имаше време да изработат свои подароци за Тоше. Со сета своја љубов и почит ги положија своите изработки и запалија свеќи. Колку и да бевме подготвени за оваа посета, тагата за Тоше се гледаше на сечиј лик.



Потоа го посетивме споменикот “Македониум” каде корисниците се фотографираа крај бистата на Тоше, но се запознаа и со историското значење на овој комплекс. По краткиот одмор крај вештачкото езеро ја посетивме куќата на Тоше и неговата омилена кафетерија “Планет”.

Остатокот од денот го поминавме во прекрасната природа на “Мечкин Камен” каде што корисниците разиграни и весели, се релаксираа и освежуваа со овошје, сокови и храна кои во изобилство им ја обезбеди г-дин Баже Стојановски, наставник во О.У. “Никола Карев”. Тој со својот ентузијазам и почит кон лицата со интелектуална попреченост всушност ја иницираше посетата на Крушево и контактот со Фондацијата “Тоше Проески”, која се надеваме да ни ја возврати посетата во нашиот град. Ја користиме и оваа прилика да му се заблагодариме.

Разгледувајќи ги фотографиите од оваа екскурзија, корисниците во дневниот центар со задоволство се потсетуваат на многубројните убави доживувања од тој ден во Крушево.

Едно од нив беше и починката во с.Росоман на која пријатно нé изненадија освежувањата од страна на г-дин Фисник Амбари од Дебар, како и од група битолчани, членови на агенцијата “Карпатија”, кои го покажаа својот позитивниот однос и почит кон лицата со интелектуална попреченост и нивните организации.

**Во организација на РЦПЛИП - ПОРАКА**

# СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

***Во согласност со својата Програма за работа за 2008 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во јуни и во септември 2008 година организираше и реализираше две спортско - рекреативни активности за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

Како резултат на позитивните ефекти од спроведувањето на спортско - рекреативните активности во изминатите години, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, и во 2008 година предвиде во својата програма за работа организирање и реализирање на две вакви манифестации.

Главната цел на овие активности е промоција на нова форма на вклучување на адолесцентите со интелектуална попреченост во општеството преку спорт и рекреација и придонес во развојот на вештините за самостојно живеење кај овие лица. Исто така, овие активности нудат можности за подобрување на психофизичката состојба на адолесцентите со интелектуална попреченост.

Првите спортско - рекреативни активности во 2008 година беа одржани во Струга, во Центарот за едукација и рекреација на кадри на Црвениот крст, во периодот од 16-ти до 20-ти јуни 2008 година, а вторите спортско - рекреативни активности беа одржани исто така во Струга, но во Детското одморалиште “Мајски цвет” во периодот од 31-ви август до 3-ти септември 2008 година.

Како и претходните години, во спортско - рекреативните активности беа вклучени адолесценти со интелектуална попреченост, корисници на дневните центри кои ги менаџира РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, Радовиш, Охрид, Струга и Куманово.



Во спроведувањето на овие активности беа вклучени водичи на тимовите (персонал од дневните центри) и одговорни лица од РЦПЛИП – ПОРАКА.

Спортско-рекреативните активности обезбедуваат голем број различни можности: развој на чувството и духот за натпреварување меѓу адолесцентите со интелектуална попреченост; искуство да се биде дел од спортска екипа, притоа чувствувајќи го единството во екипата; мотивација за натпреварување и победа, но истовремено и искусување и справување со пораз во спортските игри.





## Во организација на РЦПЛИП - ПОРАКА





Од друга страна, овие активности претставуваат добра можност за персоналот од дневните центри да поминува 24 часа заедно со корисниците на дневните центри овозможувајќи им да го разберат ритамот на живеење и однесувањето на секое лице со интелектуална попреченост. Понатаму, набљудувањето на корисниците во нова средина, без родителското влијание, им нуди на персоналот нови сознанија во однос на можните подобрувања во самостојноста и самодовербата меѓу корисниците и несебичната поддршка и пријателство меѓу нив самите, што не може да се увиди во текот на активностите во дневните центри. Уште повеќе, ваквите активности обезбедуваат можности за подобрување на вештините за одржување на личната хигиена, вештините за социјални интеракции итн.

Спортските активности беа поделени во следните дисциплини:

- Атлетика (натпревари во трчање и скок во далечина),
- Натпревари во мал фудбал,
- Натпревари во баскет,
- Натпревари во тегнење јаже.

Рекреативниот дел од програмата опфати разни друштвени игри, цртање, како и забави со музика и танцување во вечерните часови.

Во попладневните часови, на плажите со кои располагаат Центарот за едукација на кадри на Црвен крст и Детското одморалиште “Мајски цвет” беа организирани рекреативни активности во вода. За некои од корисниците тоа претставуваше можност да ги усовршат своите пливачки вештини, а за дел од нив позитивно искуство да бидат на плажа со нивните врсници.

Може да се заклучи дека целите на спортско-рекреативните активности беа во целост реализирани. Корисниците на дневните центри беа активно вклучени во спортско-рекреативните содржини, персоналот од дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА имаше можност да увиди важни информации во однос на однесувањето на корисниците надвор од дневниот центар, што ќе биде од огромно значење за нивната понатамошна работа во рамките на индивидуалната работа со корисниците и подобрувањето на вештините за самостојно живеење.





# Наша Страница

## Дневниот центар - ПОРАКА Скопје доби донација од шведскиот клуб "LIONS - Gathenheim"

Претставникот на шведскиот клуб "LIONS - Gathenheim" од Гетеборг – Шведска, г-динот Светозар Спасиќ, кој е по потекло од Македонија, при својата посета на родната земја во текот на јули 2008 година, воспостави контакт со Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Скопје.

На наше големо задоволство, откако го посети дневниот центар – ПОРАКА Скопје и се запозна со активностите кои се реализираат во оваа сервисна служба, г-динот Спасиќ одлучи да донира нов голем фрижидер, кој беше приоритетна потреба за дневниот центар, поради дотраеност и неупотребливост на стариот.

Упатуваме голема благодарност до г-дин Спасиќ и до "LIONS - Gathenheim" со надеж дека соработката и поддршката од нивна страна ќе продолжи во иднина.





ISSN 0350-5863